Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година, во врска со Предлогот бр.03-2379/1 од 23.04.2019 година за покренување прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје бр.10-2377/1 од 23.04.2019 година и утврди прекршување на Изборен законик.

2. Советот заклучи против Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 76 став 4 од Изборниот законик, наведениот радиодифузер на 22 април 2019 година емитуваше платено политичко рекламирање во посебната информативна програма „Отворено студио 1“ (22:14:22 – 23:08:40), во која на тема на избори се разговараше со Влатко Ѓорчев од ВМРО-ДПМНЕ, Мухамед Зекири од СДСМ и Арбен Таравари од Алијанса за Албанците.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-2367/2

24.04 2019 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Во 15:19